°384

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
MLADI BORAC - Skoplje
21. IV. 1966

**ЛИКОВЕН ЖИВОТ** • **ПРВА САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА АКАДЕМСКИОТ СЛИКАР МОМЧИЛО ПЕТРОВСКИ — МОЦО**

# СОЛИДЕН ПОЧЕТОК

ИМА СЛИКАРИ кои со своите ексклузивни
сликарски авантури посетителот го принудуваат да
ги употреби сите свои сили и сиот свој емотивен и
интелектуален фонд за да го направат она што
всушност сликарот преку своето дело требал да го
стори. За жал ваквите сликари во последно време
сé почесто ги среќаваме во нашите галерии. Меѓу-
тоа, одвреме навреме ќе забележиме и некое име за
кое не може да се рече нешто слично. Станува збор
за академскиот сликар Момчило Петровски — Мо-
цо, кој деновиве ја отвори првата самостојна из-
ложба во Скопје. По завршувањето на училиште-
то за применета уметност оди на студии во Белград
на академијата за применета уметност која ја за-
вршува со одличен успех и продолжува уште две
години на специјалка за применета уметност. Во пр-
вата година на студиите 1957, Моцо ја доби првата
награда на младите сликари. Овој успех го повто-
ри во 1960 година, а неговата дипломска работа на
Академијата за применета уметност е оценета како
најдобра за што добива посебно признание.

На изложбата во Скопје Моцо првпат се поја-
вува самостојно. Иако млад и недоволно подготвен,
односно недоволно рутиниран до максимум да го
изрази својот стил, по малку декоративен, барем
во експонатите на оваа изложба се чувствува при-
сутноста на човекот и времето. Цртежите и слики-
те изобилуваат со тој скриен судир на човекот со
времето, со внатрешните борби да се биде или не.
На моменти се чувствува и тоа се повторува скоро
во сите експонати, недоволна статичност на компо-
зицијата што е резултат на искреноста на внатреш-
ните доживувања на уметникот и неговата верба во
убавото што треба да дојде, верба која при слика-
њето тој ја доживува како оптичка варка. Ваквиот
начин на сликање авторот го става во редот на оние
ликовни уметници кои умеат и кај кои јасно мо-
же да се насети што всушност сакаат да кажат со
своите творби. Моцо на доста непосреден начин пре-
ку цртежот и бојата успеал да ја зацврсти врската
со посетителот, односно делото го направил така
што многу не се разликува од оние на кои всуш-
ност им го презентира. Со тоа Моцо успеал да даде
конкретна слика за што љубителите во светот на
уметноста особено во ликовната уметност одамна
чувствуваат потреба.

Овој прв настап на младиот македонски сликар,
скромен по помпезните отварања и раскошните ка-
талози успеа да ни се претстави како сликар со
една однапред одредена концепција и непосреден
начин преку сликите и цртежите да ни се открие
себеси, својот дух и чувствата, како по јакиот цр-
теж така и по боите кои делуваат не нападно, не
поради сиромаштијата на палетата туку пак по тоа
трезвено гледање на уметникот на светот и она што
го опкружува.

Марко АРСОВСКИ